**20261963170**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 17-е став (3) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 74/25), министерот за економија и труд, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на барањето и потребната документација за полагање на стручниот испит за стручно лице за безбедност при работа.

Член 2

Барањето од член 1 од овој правилник, се печати на образец на хартија во бела боја со А4 формат, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од член 1 од овој правилник, од страна на кандидатот се поднесува документација за исполнетост на условите за полагање на стручниот испит, и тоа:

- потврда дека има живеалиште во Република Северна Македонија;
- диплома за завршено високо образование од заштита при работа, технички или друг отсек кој одговара на дејноста на работодавачот (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)); и
- потврда дека има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, во соодветната област за која е поднесено барањето за полагање на стручен испит.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12-5044/1
19 август 2026 година
Скопје

Министер
за економија и труд,
**Бесар Дурмиши**, с.р.

**Република Северна Македонија**

**До Министерство за економија и труд**

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА**

| | |
|---|---|
| Име и презиме на кандидатот: | |
| Ден, месец и година на раѓање: | |
| Адреса на живеалиште или престојувалиште: | |
| Телефон за контакт: | |

Кон барањето ја приложувам следната документација (со заокружување обележете ги документите кои ги приложувате):

- потврда за живеалиште во Република Северна Македонија;
- диплома за завршено високо образование од заштита при работа, технички или друг отсек кој одговара на дејноста на работодавачот (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)); и
- потврда за најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, во соодветната област за која е поднесено барањето за полагање на стручен испит.

**НАПОМЕНА:** Уверението за државјанство на Република Северна Македонија и потврдата дека со правосилна одлука не му е изречна забрана за вршење професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната, се прибавуваат по службена должност.

Скопје, ____________ година

Подносител на барањето